РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT
Бр.- Nr. 03 - 706/17
03.06.2025 год. vit
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Друштво за производство, трговија и услуги
ТРУЛИ НОЛЕН НМ ДООЕЛ
Бр. 013/25
03-06 2025 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
за дезинсекција на територијата на општина Јегуновце

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Општина Јегуновце, с.Јегуновце, 1215 Јегуновце застапувана од Градоначалник Димитар Костадиноски (во понатамошниот текст Договорен орган) од една страна, и,
2. Друштво за производство, трговија и услуги ТРУЛИ НОЛЕН НМ ДООЕЛ Скопје, ул. 3та М.Х. Јасмин бр. 36 лок. 3 Скопје, застапувано од Арменд Цана (во понатамошниот текст како Носител на набавката), од друга страна.

II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е вршење на услуга **за дезинсекција на територијата на општина Јегуновце**, согласно техничките спецификациии (карактеристики на работите) од тендерската документација и тендерската документација, објавени во јавната набавка бр. **05313/2025**.

III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната цена на услугите изнесува **169.800,00** без вклучен ДДВ, односно 200.364,00 со пресметан ДДВ.

IV. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Носителот на набавката должен е сите услуги предвидени во членот 1 од овој Договор да ги заврши до 01.10.2025 година.

V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 4

Договорниот орган се обврзува:

- Да му го исплати договорениот надомест на извршителот на работата.

Член 5

Обврски на Носител на набавката:

- Да изврши дезинсекција на сите наведени места на тендерската документација ојавена на оглас бр. **05313/2025**;
- Да достави записник за вршењето на дезинсекција;
- Дезинсекцијата да ја изврши од април-септември во период кога комарецот е најактивен; навечер и наутро, три пати со адултицидната дезинсекција на територијата на општина Јегуновце;
- Пред вршењето на дезинсекција потребно е предходно да бидат известени пчеларски друштва и пчеларите за заштита на пчелите, локалната самоуправа, медиумите и полицијата.

VI. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 6

При изготвувањето на фактурата, Извршителот на работата е должен да ги наведе следните елементи:

- Назив на понудувачот, место, седиште, даночен број
- Број и датум на Договорот
- Опис на услугата, дефинирани по елементи
- Вкупна цена на фактурата
- Валута на плаќање

VII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носител на набавката да го врши на следниов начин; со доставување на фактура,извештај за извршената услуга.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носител на набавката да го врши во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган, на сметка и банка за која писмено ке го извести Носител на набавката.

VIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 8

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Член 9

Доколку Арбитражната Комисија не даде обострано прифатливо решение сите евентуални споровиќе ги решава надлежниот суд во Тетово.

IX. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

Член 11

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна дополнителен рок за исполнување, ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 12

Договорниот орган може да го раскине овој Договор доколку Носител на набавката на било кој начин не ги извршува обврските од овој Договор при што пропушта да ги заштити интересите на Договорниот орган.

X. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Член 14

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) за Набавувачот и 2 (два) за Носител на набавката.

Договорен орган
Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски

Носител на набавката
ТРУЛИ НОЛЕН НМ ДООЕЛ
Управител
Арменд Цана

Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на огласот за доделување договор за јавна набавка на стоки - **УСЛУГА ЗА ДЕЗИНСЕКЦИЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ**, со спроведување на Набавка од мала вредност,без електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

Дел I – Информации за понудувачот

I.1. Име на понудувачот: Трули Нолен НМ Дооел Скопје

I.2. Контакт информации

- Адреса: М.Х. Јасмин бр. 36 лок. 3
- Телефон: 075-775-769
- Факс:
- Е-пошта: contact@trulynolenmacedonia.mk
- Лице за контакт: Арменд Цана

I.3. Одговорно лице: Арменд Цана

I.4. Даночен број: 4038020516323

I.5. ЕМБС: 7443358

II. 1 Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно техничката спецификација и условите од ТД :

Р. бр.	О П И С	Ед. мерка.	Количина	Единечна цена	Вкупна цена
1.	Адултицидна дезинсекција на територијата на општина Јегуновце – три третирања	Ха	849 (3x283)	200	169.800,00
В К У П Н О					169.800,00
ДДВ					30.564,00
ВКУПНО СО ДДВ					200.364,00

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

Дел III – Финансиска понуда

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **169.800,00** ден. (**Сто илјади и шеесет и девет илјади и осумсто**) денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **30.564,00** ден.

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
Скопје 28-03-2025

Одговорно лице
Armend Cana
(потпис) *

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

ТРУЛИ НОЛЕН ДПТУ ТРУЛИ НОЛЕН НМ ДООЕЛ Скопје